ФЗОРСМ
FSSHRMV

**Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија**
**Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut**

Број: 04-628/
20.01.2023 год.
Скопје

Врз основа на Член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по Интерен оглас бр. 01/2022 за унапредување на административен службеник**

1. Кандидатот **НЕСРИН МУХАРЕМИ**, по пат на Интерен оглас бр. 01/2022 се избира на работно место под бр. 12 **РЕПУБЛИЧКИ КОНТРОЛОР, со звање Републички контролор и шифра на работно место ФЗО0102В01002, Оддел за контрола и пресметување на контрола на приходи на Фондот контрола на економичното трошење на средства добиени од Фондот на здравствените установи и проверка на изготвување на пресметка за побарување или надоместоци на осигурениците, Одделение за контрола, во Сектор за контрола**, во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг листа на интервјуирани НЕРАКОВОДНИ КАНДИДАТИ и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 01/2022 составен дел на Записникот од извршената селекција за унапредување на НЕРАКОВОДЕН административен службеник заради сроведување на интервју по Интерен оглас бр. 01/2022 со бр. 04-628/3 од 17.01.2023 година.

3. Кандидатот ќе биде унарепеден на работното место од точка 1 по конечноста на ова одлука.

4. Ова одлука влегува во сила со денот на неговото донесување.

***О б р а з л о ж е н и е***

Врз основа на добиено Известување бр. 18-12966/2 од 20.12.2022 година од страна на Министерството за финансии на РСМ за одобрени финансиски средства, Директорот на ФЗОРСМ упати Барање бр. 04-19048/1 од 16.12.2022 година до Сектор за управување со човечки ресурси за отпочнување на постапка за унапредување на 13 (тринаесет) административни службеници во ФЗОРСМ. Одделението за управување со човечки ресурси објави Интерен оглас бр. 01/2022 на 26.12.2022 година на веб страната на ФЗОРСМ и на веб страната на Агенцијата за администрација, за унапредување на 13 (тринаесет) административни службеници во ФЗОРСМ. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување, формирана од страна на Директорот на ФЗОРСМ со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување бр. 04-119/1 од 04.01.2023 година, спроведе административна селекција и потоа се одржа интервју со уредниот кандидат кој што ги исполнува условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во ФЗОРСМ.

На работното место РЕПУБЛИЧКИ КОНТРОЛОР, со звање Републички контролор и шифра на работно место ФЗО0102В01002, Оддел за контрола и пресметување на контрола на приходи на Фондот контрола на економичното трошење на средства добиени од Фондот на здравствените установи и


Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Fax: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk

проверка на изготвување на пресметка за побарување или надоместоци на осигурениците, Одделение за контрола, во Сектор за контрола, беа пријавени двајца кандидади од кои само едниот кандидат беше уреден. Уредниот кандидат Несрин Мухареми освои 10,00 бодови од административната селекција, доколку за кандидатот Анета Георгиевска се утврди дека е неуреден со причина дека Анета Георгиевска не поминала најмалку две години на тековното работно место, со што Комисијата состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 01/2022 за унапредување на административните службеници со број 04-628/1 од 11.01.2023 година.

Согласно горенаведеното, на ден 17.01.2023 година интервјуто за работното место РЕПУБЛИЧКИ КОНТРОЛОР, со звање Републички контролор и шифра на работно место ФЗО0102В01002, Оддел за контрола и пресметување на контрола на приходи на Фондот контрола на економичното трошење на средства добиени од Фондот на здравствените установи и проверка на изготвување на пресметка за побарување или надоместоци на осигурениците, Одделение за контрола, во Сектор за контрола, се спроведе само со уредниот кандидат, Несрин Мухабери која освои 25,00 бодови.

Врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани НЕРАКОВОДНИ КАНДИДАТИ и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр. 01/2022 составен дел на З А П И С Н И К од извршената селекција за унапредување на НЕРАКОВОДЕН административен службеник заради спроведување на интервју по Интерен оглас бр. 01/2022 со број 04- 628/3 од 17.01.2023 година, Директорот на ФЗОРСМ донесе одлука да се изврши избор на кандидатот како во диспозитивот.

По конечноста на ова одлука, ќе се донесе Решение за унапредување на административен службеник и Решение за утврдување на плата.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрција, во рок од 8 дена од денот на објавувањето на ова одлука на веб страната на ФЗОРСМ.

**ДИРЕКТОР**
**М-р Магдалена Филиповска Грашкоска**

**ДИРЕКТОР/DREJTORI**
**Faton Ahmeti, Mr.sc., MBA**

Изготвил: Куштрим Халили/Kushtrim Halili с.р.
Контролирал: Сузана Делева
Одобрил: Фатиме Идризи/Fatime Idrizi

Доставено до:

- Архива на ФЗОРСМ;
- Кандидатот;
- Сектор за управување со човечки ресурси на ФЗОРСМ.


Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Fax: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
www.fzo.org.mk